**2659.**

Врз основа на член 15 став (7) од Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија" бр.72/16, 142/16 и 233/18), министерот за правда донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА СЛУЖБЕНИОТ ПЕЧАТ, СУВИОТ ЖИГ, ЖИГОТ ЗА ВОСОК И ШТЕМБИЛИТЕ НА НОТАРОТ, КАКО И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ИЗДАВАЊЕ, ЗАМЕНА, ОДЗЕМАЊЕ И ПОНИШТУВАЊЕ**

Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на службениот печат, сувиот жиг, жигот за восок и штембилите на нотарот, како и начинот на нивното издавање, замена, одземање и поништување („Службен весник на Република Македонија" бр. 226/16), во членовите 2 и 3 зборовите: „Република Македонија", се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија".

Член 2

Во член 4 во ставот (1) зборовите: „35 мм" се заменувааат со зборовите: „40 мм".

Во ставот (2) зборовите: „35 мм x 25 мм" се заменуваат со зборовите: „40 мм x 30 мм".

Во ставовите (3) и (4) зборовите „35 мм" се заменуваат со зборовите "40 мм".

Член 3

Во член 7 во ставот (1) точката 20 се брише.

Член 4

Во членот 9 зборовите: „Република Македонија" се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија".

Член 5

Во Прилогот, Обрасците бр. 1, 2 и 4 се заменуваат со нови Обрасци бр. 1, 2 и 4, кои се составен дел на овој правилник.

Член 6

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 01-3424/3
13 август 2019 година
Скопје

Министер за правда,
д - р **Рената Дескоска**, с.р.

ПРИЛОГ

Образец бр.1

## ШТЕМБИЛ ЗА ЗАВЕРКА НА НОТАРСКИ ДЕЛОВНИ КНИГИ

Нотарска комора на Република Северна Македонија

Прими од ____________________________________________
(име и презиме и седиште – адреса)

на ден ________ 20__ година овој/оваа ______________________
(назив на уписникот или книгата)

и по прегледот издаде:

ПОТВРДА

Се потврдува дека овој/оваа ____________________________
(назив на уписникот или книгата)

Има ____________________________________________ страници,
(број со зборови)

на ден ________ 20____ година ја потпиша и ја завери и на
ден ________ 20__ година ја предаде на
нотарот ______________________________ од __________________
(име и презиме) (место)

Број: __________
Во ____________________, ______ 20__ година
(место)

Претседател,

___________________________

(формат 110х100 мм)

Образец бр.2

ШТЕМБИЛ ЗА ОЗНАЧУВАЊЕ НА НОТАРСКА КАНЦЕЛАРИЈА

Република Северна Македонија
НОТАР

_______________________________________
(Име и презиме)

_______________________________________
(подрачје на Основниот суд за кое е именуван нотарот)

Формат (60x60 мм)

Образец бр.4

ШТЕМБИЛ ЗА ЗАКЛУЧУВАЊЕ НА НОТАРСКИ СЛУЖБЕНИ КНИГИ

Нотарска комора на Република Северна Македонија

Прими од _______________________________________________
(име и презиме и седиштe – адреса)

на ден __________20___ година овој/оваа ______________________________
(име на уписникот или книгата)

и после прегледот издаде

ПОТВРДА

Се потврдува дека овој/оваа ______________________________________
(име на уписникот или книгата)

кој/ која има _______________ страници е исполнет-а до __________ страница и е заклучен-а.

_________________________________________, на ден ____________20___ година, е ставен надвор од употреба и на ден ____________________20_________ година е вратен на нотарот.

Број: ______________

Во _______________________, ____________20___ година
(место)

Претседател,

_______________________

Формат (110x100 мм)